**ПО ПРАИЗВЕДБАТА НА ПРВИОТ РОК-БАЛЕТ**

# »ЗОДИЈАК« НА НАШИТЕ МЕЧТИ

Она што се очекуваше од завчерашната праизведба на првиот македонски рок—балет „Зодијак“, на сцената на Македонскиот народен театар, тоа и се случи. Пред повеќе од илјада посетители, кои буквално ја окупираа салата на Театарот, протагонистите на „Зодијак“ навистина ги заслужија долготрајните аплаузи на крајот од претставата. Огромното интересирање за балетот, односно (уште веднаш да кажеме) за еден нов, и поинаков, некласичен тип на балетска претстава — резултираше со редици заинтересирани, кои со или без влезници, сепак, најдоа некако место пред сцената. А, дека станува збор за нешто вонредно и невобичаено можеби најдобро говори самиот состав на публиката — главно млада и љубопитна, која задоволна помина речиси час и половина со музиката на „Леб и сол“ и ансамблот на Скопскиот балет, што е добар знак и за иднината на балетската уметност воопшто кај нас.

Нешто слично беше и минатата пролет, кога на истата сцена гостуваше Загрепскиот балет (во рамките на југословенската балетска ретроспектива), со исто така — атрактивниот и предизвикувачки рок—балет „Обид“.



Претстава за „билет повеќе“: од праизведбата на „Зодијак“

Но, овојпат, наместо ползувањето на одбрани и шareнолики делови од класичната и диско—музиката, авторите Влатко Стефановски и Бодан Арсовски, се нафатиле и создале своја, ретко успешна музика, во која проведуваат речиси сите музички жанрови: од рок, преку џез, па сè до самба, а притоа ни за миг да не се изгуби белегот и стојностите на групата „Леб и сол“. Нивната обработка на фолклорни и други теми и мотиви, со користење на најразлични фонови и ефекти, мошне вешто е надополнета и со сценографијата на Марина Чутурило, (гостин од Белград), а посебно со костимите на Елена Дончева, кои значително го збогатуваат колоритот и раздвиженоста на самата претстава. Сепак, и покрај уделот на Горан Стефановски, како автор на либеретото, и режисерот Рахим Бурхан, се чини, најтешка била, сега веќе успешно реализираната задача на кореографот Олга Милосавлева, која заедно со прецизната и инспиративна музика на членовите на „Леб и сол“, го гради и остварува спојот со балетскиот ансамбл кој се наметнува како хомоген и модерен колектив. Така, покрај потврдената и зрела балетска двојка Зоица Пуровска — Зоран Велевски и искусните Екрем Хусеин, Виолета Радовановиќ, Јагода Сланева и други, на најдобар можен начин им се дава шанса за афирмација и на младите Ирена Ветерова, Сузана Момировска и други, кои внесоа нов квалитет и возбуда во изведбата.

**Х. Петрески**

В.М. 23-I-90 стр 13

Нова Македонија 23-I-90 стр 13